ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 09-1801/22
28.07.2022 год.

Република Северна Македонија
ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ул. Мануш Турновски бр 13А, 2434 Ново Село
телефон 034/355-202 , факс 034/355-702
www.novoselo.gov.mk, administracija@novoselo.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 28 од Статутот на Општина Ново Село (Службен гласник на Општина Ново Село бр.16/06) како и врз основа на Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти на здруженија и фондации за 2022 година бр. 08-101/3 од 06.07.2022 година и Јавниот повикот бр.01/2022 за финансирање на проекти и програми на здруженија и фондации, од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година (ВТОР ПАТ) бр. 09-1801/13 од 19.07.2022 година, Градоначалникот на Општина Ново Село донесе:

РЕШЕНИЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА
за доделување на Договор за обезбедување на финансиска поддршка на здружение или фондација за финансирање на проекти и програми со средства од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година.

1. Врз основа на објавениот Јавен повик бр.01/2022 за финансирање на проекти и програми на здруженија и фондации, од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година (ВТОР ПАТ) бр. 09-1801/13 од 19.07.2022 година и спроведената евалуација на пристигнатите пријави се донесе следното решение:

1.1 За настанот: **Организирање на ноќен турнир на стрит баскет во Ново Село** се избира проектот со наслов „Стрит баскет Ново Село 2022“ на УСК „ГИМЕКО ЈС СПОРТ“ Струмица.
Доделени бодови: 90
Одобрени финансиски средства во износ од 60.000,00 денари

1.2. За настанот **Организирање на Илинденски средби на Мокрински извори** се избира проектот со наслов „Илинден е љубов“ на ЗГ Здружение за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ Струмица.
Доделени бодови: 75
Одобрени финансиски средства во износ од 120.000,00 денари.

2. Избраните апликани (здружение/фондација) доставија целосна документација согласно барањата во јавниот повик.
Правата и обврските помеѓу избраниот апликант (здружение/фондација) и Општина Ново Село ќе се утврдат во посебен Договор.
Вкупниот буџет кој ќе се додели согласно Одлуката за за распишување на јавен повик по повод Денот на Републиката, Илинден за организирање на спортски и културни настани бр. 09-1801/1 од 08.07.2022 и Јавен повик бр.01/2022 за финансирање на проекти и програми на здруженија и фондации, од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година (ВТОР ПАТ) бр. 09-1801/13 од 19.07.2022 година изнесува 180.000,00 денари.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за отварање, разгледување, одлучување по пристигнати програми и проекти во состав Драгана Стоилкова - претседател, Виолета Атанасова – член и Алекса Илиев – член, по објавувањето на Јавниот повик бр.01/2022 за финансирање на проекти и програми на здруженија и фондации, од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година (ВТОР ПАТ) бр. 09-1801/13 од 19.07.2022 година, по повод Денот на Републиката, Илинден за организирање на спортски и културни настани, достави Извештај од извршена евалуација на пристигнати пријави.

Според доставениот Извештај, комисијата предлага да се донесе Решение за распределба на средства за доделување на Договор за обезбедување на финансиска поддршка на здружение или фондација за финансирање на проекти и програми со средства од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година.

Градоначалникот на Општина Ново Село го прифати извештајот на Комисијата во кој е содржан предлогот за донесување на Решение за рспределбана средства за доделување на Договор за обезбедување на финансиска поддршка на здружение или фондација за финансирање на проекти и програми со средства од Буџетот на Општина Ново Село за 2022 година и согласно Правилникот и Јавниот повик одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против Решението на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8(осум) дена од добивање на известувањето за извршениот избор. Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Ново Село.

Општина Ново Село
Градоначалник
Ѓорѓе Божинов